СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

# ФОЛКЛОРНА МУЗИКА ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ



За VI о д д е л е н и е

ООУ „11 Октомври" Скопје

Наставник по музичко образование / Ангела Рајчиноска

*Скопје, 2024 година*

| **НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ** | **ФОЛКЛОРНА МУЗИКА ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ** |
|---|---|
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Изборен предмет за проширување/продлабочување на<br><br>знаењата од задолжителните наставни предмети (од<br><br>предметот музичко образование темите: светско фолклорно<br><br>музичко творештво). |
| **Одделение** | VI |
| **Теми / подрачја во наставната програма** | Тема 1: Фолклорот во Европа ( 18 часа )<br><br>Тема 2: Фолклорот во останатиот дел од светот (18 часа) |
| **Број на часови** | 2 часа неделно- 36 часа во едно полугодие |
| **Опрема и средства** | компјутер, звучници, микрофон, проектор, користење на<br><br>youtube, power point презентации. |
| **Изработка на програмата** | Ангела Рајчиноска |
| **Норматив на наставен кадар** | • студии по музичка уметност, наставна насока/музичка теорија и педагогија, VII/1 или VI А (според МРК) и 240 ЕКТС;<br><br>• студии по музичка уметност, друга ненаставна насока, VII/1 или VI А (според МРК) и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНА ПРОГРАМА

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето Уметничко изразување и култура од Националните стандарди:

**Ученикот/ученичката знае и/или умее:**

| | |
|---|---|
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни). |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите,искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури, |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различни начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти, |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност, |
| VIII-A.7 | да препознава и објаснува обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти, |
| VIII-A.9 | да препознае и објасни како културата на која и припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на<br><br>формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед кон светот, |
| VIll-A.11 | да препознава присуство на етноцентризам и да ги идентификува елементите во културата коишто придонесуваат за негова манифестација. |
| VIll-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура, туку и низ перспективата на други култури. |

**Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:**

| | |
|---|---|
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесуваат за зајакнување на културниот идентитет и дигнитет, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## Резултати од учење:

| Тема 1: Фолклорот во Европа (18 часа) |
| --- |
| **Знаења/вештини:**<br><br>Ученикот/ученичката:<br><br>- Го разбира поимот фолклор, фолклорна музика и традиционални вредности;<br>- Умее визуелно и слушно да ги препознае различните песни и ора од различни региони во Европа;<br>- Сфаќа дека фолклорот е клучен дел од идентитетот на еден народ;<br>- Умее да ги анализира и споредува фолклорните специфики на различни држави.<br>- Може да ги идентификува / препознае различните фолклорни инструменти од целиот свет;<br>- Може да ги идентификува/препознае различните стилови, ритми, различни традиционални облеки од целиот свет;<br>- Има познавања за историскиот контекст на фолклорната музика во Европа;<br>- Сфаќа дека преку уметничко изразување се развива креативноста; |
| **Ставови/вредности:**<br><br>Ученикот/ученичката:<br><br>- Почитува мислења и ставови од другите околу него;<br>- Смета дека треба да работи самостојно и во група;<br>- Смета дека соработката со другите е неопходна за личен и социјален развој;<br>- Подготвен/а е да презема активности кои се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации,<br>- Подготвен/а да презема активности кои му овозможуваат полесно да за совлада темата;<br>- Верува дека може да постигне повеќе;<br>- Има позитивен став за правилно зачувување и презентирање на националниот идентитет;<br>- Има позитивен став кон разликите меѓу луѓето по коза било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.);<br>- Ги почитува разликите меѓу културите, на кои гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување,<br>- Се залага за зачувување на културните и традиционалните богатства |

| **Содржини (поими) и број на часови** | **Примери на активности:** |
|---|---|
| **Тема 1:** | **Фолклорот во Европа (18 часа)** |
| **Содржина:** | |
| 1.Запознавање со поимите фолклор и традиција<br><br>2. Генерално разгледување на традиционалната музика ширум светот.<br><br>Број на часови: 2 | 1. Вовед во поимите *фолклор, традиција, обред, обичај*, низ различни презентации и видео материјали. Раскажување на една легенда од нашето богато фолклорно подрачје (интерактивно). Дефинирање на фолклорот како „книга на спомени“ на нашите предци. Со помош на наставникот учениците ги дефинираат поимите фолклор и традиција во музиката, правејќи поврзаност со различни верски обичаи (кои веќе им се познати) и песните и ората кои се изведуваат на истите.<br>2. Се користи физичка мапа или мапа од светот на интернет. Се воочува местоположбата на одредена држава, учениците споделуваат секакви предзнаења за истата, а наставникот кажува по еден клучен збор поврзан со фолклорната музика во таа земја.<br><br>Учениците даваат свои мислења за значењето на фолклорната музика. |
| 3.Традиционална музика во Македонија<br><br>4. Македонски народни песни<br><br>5. Македонски народни ора<br><br>6. Изработка на проект (пасош)<br><br>Број на часови: 4 | 3. Се објаснуваат карактеристиките на македонската фолклорна музика, и што ја прави неа поразлична од останатите.<br>-разновиден ритам, хумористични народни песни,<br>-квиз за предзнаења за македонскиот музички фолклор (картички, слики и аудио записи)<br><br>4. Набројување на најпознатите македонски народни песни.<br>- Изучување на една народна македонска песна по слух.<br>- Анализирање на текстот и слушање на истата од различни пејачи.<br>- Интерпретирање (групно и индивидуално).<br><br>5. Набројување на најпознатите македонски ора.<br>- Изучување на едно македонско оро.<br>- Работилница за совладување на орото.<br>- Изведба на орото (групно).<br>6. Креирање на музички фолклорен пасош во кој секој ученик ќе пополнува секој час задачи кои наставникот ќе му ги додели.<br>- Изработка на корицата и одбирање на регионите кои ќе се изучуваат.<br>- Секој ученик ќе може да го збогатува тој пасош со што повеќе информации, слики и цртежи за одредена земја.<br>- Секој ученик ќе добие печат од наставникот за секое ново истражување и активност во тој пасош. |

| | |
|---|---|
| 7. Грчка традиционална музика<br><br>8. Учење грчко ора или песна.<br><br>9. Српска традиционална музика<br>10. Учење српско оро или песна.<br><br>Број на часови: 4 | *Ги учиме основните поздрави на грчки и српски.<br><br>7. Регионални Разлики**:** Презентација за стилските разлики на фолклорната музика во различни делови на Грција. Набројување на најпознатите инструменти во грчкиот фолклор како и специфичните стилови на музика.<br><br>8. Изучување на орото “Хасапика”.<br><br>9. Презентација за стилските разлики на фолклорната музика во различни делови на Србија. Пронаоѓање сличности и разлики со фолклорот од Македонија преку табеларен приказ.<br><br>10. Изучување на ужичко оро. |
| 11. Шпанска традиционална музика<br><br>12. Италијанска традиционална<br><br>музика<br><br>13.Изучување на Бела чао<br><br>14. Германска традиционална музика<br><br>Број на часови: 4 | *Ги учиме основните поздрави на шпански, италијански и германски.<br><br>11.Презентација за шпанското фламенко и шпанската традиционална музика.<br><br>-Изработка на кастанети од различни материјали.<br>-Изучување на ритмичка вежба од шпанскиот фолклор.<br>- Цртеж во пасошот како учениците го доживуваат фламенкото.<br><br>12.Наставникот објаснува за танцот тарантела преку интерактивна power point презентација, а учениците преку одговори заедно со наставникот доаѓаат до етимологијата на зборот тарантела и историскиот развој на танцот.<br><br>Изучување на италијанската тарантела (традиционален италијански танц).<br><br>13.Изучување на песната Бела чао и нејзина изведба во хор.<br><br>14. Изучување на германски валцер.<br><br>- Сите заедно го повторуваме специфичниот ¾ такт и правиме неколку вежби во овој такт.<br><br>-Учениците се делат по парови и се учат чекорите за валцер, потоа секој го променува партнерот.<br><br>- Правиме симулација на бал. |

| | |
|---|---|
| 15. Романска традиционална музика<br><br>16. Изучување на романска песна по слух.<br><br>17. Пополнување на фолклорниот пасош<br><br>18.Игри и квизови за повторување.<br><br>Број на часови:4 | *Ги учиме основните поздрави на романски јазик.<br><br>15.Со помош на мапа истражуваме фолклорна музика од различни делови на Романија.<br><br>- слушаме најпознати изведувачи на традиционална музика.<br><br>16. Ја изучуваме песната “Хаи дунареа меа”.<br><br>17. Учениците ќе запишуваат информации за секоја земја или регион, како што се името на државата, на музичкиот жанр, карактеристики на музиката, традиционални инструменти, и познати песни или танци.<br><br>18. Квиз во power point преку кој учениците ќе ги повторат стекнатите знаења.<br><br>- Се делат во групи, наставникот кажува една од изучените земји, групата која ќе напише најмногу информации за таа земја добива најмногу поени.<br><br>-Втор круг, да се испее или да се игра танц од одредената земја која наставникот ќе ја зададе. |

| **Тема 2: Фолклорот во останатиот дел од светот (18 часа)** |
| --- |
| **Знаења/вештини:**<br><br>**Ученикот/ученичката:**<br><br>-Го разбира историскиот и културниот контекст на фолклорната музика од целиот свет.<br>- Умее визуелно и слушно да ги препознае различните песни и ора од целиот свет;<br>- Умее да ги анализира и споредува фолклорните специфики на различни држави.<br>-Умее да интонира песна или да ги научи основните чекори на танц од фолклорната музика од целиот свет.<br>- Може да ги идентификува / препознае различните фолклорни инструменти од целиот свет;<br>- Може да ги идентификува/препознае различни стилови, ритми, различни традиционални облеки од целиот свет;<br>-Има познавања за различните фолклорни музички стилови од целиот свет.<br>- Сфаќа дека преку уметничко изразување се развива креативноста; |
| **Ставови/вредности:**<br><br>**Ученикот/ученичката:**<br><br>- Почитува мислена и ставови од другите околу него;<br>- Смета дека треба да работи самостојно и во група;<br>- Смета дека соработката со другите е неопходна за личен и социјален развој;<br>- Подготвен/а е да презема активности кои се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување<br>на предизвиците во секојдневните ситуации,<br>- Подготвен/а да презема активности кои му овозможуваат полесно да за совлада темата;<br>- Верува дека може да постигне повеќе;<br>- Има позитивен став за правилно зачувување и презентирање на националниот идентитет;<br>- Има позитивен став кон разликите меѓу луѓето по коза било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности,<br>социјален статус итн.);<br>- Ги почитува разликите меѓу културите, на кои гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување,<br>- Се залага за зачувување на културните и традиционалните богатства |

| **Содржини, поими, број на часови** | **Примери на активности:** |
|---|---|
| **Тема II:** | **Фолклорот во останатиот дел од светот** |
| Содржина: | |
| 1. Фолклорната музиката во Азија<br><br>2. Презентација на проектите<br><br>(2 часа)<br><br>3. Фолклорна музика во Кина<br><br>број на часови: 4 | *Ги учиме основните поздрави на кинески јазик.<br><br>1.Учениците се делат во 4 групи и секоја група има задача да истражува за фолклорот во одреден азиски регион (Кина, Јапонија, Индија, Кореја). Учениците ќе имаат задача да изработат проект.<br><br>-Наставникот ги презентира главните фолклорни разлики помеѓу овие четири региони.<br><br>-Наставникот дава насоки кои ќе им помогнат во изработка на проектот.<br><br>2. Секоја група го презентира својот проект.<br><br>-Презентираат танци и песни од секој регион.<br><br>3. Се надоврзуваме на претходниот час (групата за Кина) и преку квиз прашања ги повторуваме информациите за Кинеската фолклорна традиција.<br><br>-Презентација на народните инструменти и традиционалните костими преку презентација.<br><br>- Игра: Поврзи го инструментот (слика) со мелодијата (звучен приказ на одреден инструмент) |
| 5. Вовед во фолклорната музика на Индија.<br><br>6.Инструментите од индинскиот фолклор. | *Ги учиме основните поздрави на индиски јазик.<br><br>5. Генерално запознавање со фолклорот и традицијата на Индија преку документарен филм (https://www.youtube.com/watch?v=3HWDgWDsu38)<br><br>6. Ги изучуваме најпознатите индиски инструменти. 40 најпознати инструменти од Индија (https://www.youtube.com/watch?v=HwJ5FMx86Qg) |

| | |
|---|---|
| 7. Учње на танц од Индија (Бангра)<br><br>8.Пополнување на фолклорниот пасош<br><br>Број на часови: 4 | 7. Учење основни чекори на Бангра (традиционален Индиски танц).<br><br>8. Учениците ќе запишуваат информации за секоја земја или регион, како што се името на државата, на музичкиот жанр, карактеристики на музиката, традиционални инструменти, и познати песни или танци. |
| 9. Вовед во Африканска фолклорна музика<br><br>10. Африкански Танци и Ритуали<br><br>11. Изучување на Африканска песна “Siyahamba”<br><br>12.Квиз<br><br>Број на часови:4 | *Ги учиме основните поздрави на јазикот зулу.<br><br>9. Учениците ќе се запознаат со основните карактеристики на африканската фолклорна музика. Да научат за улогата на музиката во африканските култури.Изучување на африканските инструменти и најпознати ритми.<br><br>10.Учење основни чекори од некој африкански танц. (https://www.youtube.com/watch?v=QGPWSFeITEA&t=49s)<br><br>11. Изучување на песната “Siyahamba” по слух и правење на кореографија во африкански стил на истата.<br><br>12. Квиз за повторување на знаењата за Африканската традиција и фолклорна музика. |
| 13.Фолклорна музика во Русија<br><br>14.Изучување на песната “ Калинка”.<br><br>15. Фолклорна музика од Бразил<br><br>16. Изучување на Самба (Фолклорна музика од Бразил). | *Ги учиме основните поздрави на руски јазик.<br><br>13. Вовед во фолклорната музика од Русија преку анализа на ритамот и мелодиите, тематиките кои се опфатени во фолклорните песни и разликите на стилови во различни региони.<br><br>14. Групно учење: Учениците ја пејат песната заедно со наставникот, фокусирајќи се на точноста на текстот и ритамот.<br><br>15. Запознавање со фолклорната музика во Бразил преку документарен филм.<br><br>(https://www.youtube.com/watch?v=U-9KSnCynk0)<br><br>16.Учење основни чекори на Самба. |

| | |
|---|---|
| 17.Пополнување на фолклорните пасоши и подготовка за мини концерт.<br><br>18. Завршен концерт | Крајно пополнување на фолклорните пасоши и проверка од страна на наставникот<br><br>Повторување на сите изучени танци и песни.<br><br>Концерт |